( Образец ПП……)
До Основен Суд Кичево
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Ве молиме наведете број на правосилни судски пресуди донесени од Основен суд Кичево по член 394-г од Кривичниот законик:

  „(1) Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години.

  (2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој којшто делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање.

  (3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.“

  Во последните 6 години.
  - 2017 - ____________
  - 2018 - ____________
  - 2019 - ____________
  - 2020 - ____________
  - 2021 - ____________
  - 2022 - ____________

Ве молиме да ни ги доставите и броевите на предметите за кои била донесена правосилна пресуда.

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
**г) електронски запис**
д) друго-------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил** [redacted] Замолуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на Барањето.
д) друго--------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: [redacted]
(назив, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје, Северна Македонија Датум 04.01.2023 година

***РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***
**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО**
***СПИ-1/23***
**од 05.01.2023 година**
**К и ч е в о**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:Достава на известување од барани информаци.**

Во врска со вашето барање бр.1/2023 година, Во прилог на оваа писмо, Ви го доставуваме известувањето од барани информаци.

**Со почит,**

**Претседател на суд**
**Амдије Зенку**

***РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***
**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО**
***СПИ-1/23***
**од 05.01.2023 година**
**К и ч е в о**

***ДО:***
[redacted]

**ПРЕДМЕТ:Достава на известување од барани информаци.**

Во врска со вашето барање бр.1/2023 од 05.01.2023 година во прилог на оваа писмо, Ве известуваме дека по извршениот увид во Кривично оделение преку АКМИС системот се утврди дека во Основниот Суд Кичево, **за Кривично дело по член 394-г ст.1,2 и 3 од Кривичниот Закон** за 2017г. 2018г. 2019 г.2020 г.2021 г.и 2022 г. **НЕМА** ни еден предмет по овој член.

**Со почит,**

**Службено лице за посредување со информаци**